**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

---

# П Р О Г Р А М А
# за изготвување на закони во Министерството за внатрешни работи за 2010 година

**Скопје, септември 2009 година**

Врз основа на точка 5 став 3 алинеја 2 од Методологијата за проценка на влијанието на регулативата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/09), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р О Г Р А М А

## за изготвување на закони во Министерството за внатрешни работи за 2010 година

Програмата за изготвување на закони во Министерството за внатрешни работи за 2010 година, има за цел да ги утврди законите што од страна на Министерството за внатрешни работи како предлагач на законите од својата надлежност ќе бидат изготвени и предложени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2010 година.

Програмата за изготвување на закони од страна на Министерството за внатрешни работи за 2010 година е подготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2008-2012 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, Методологијата за проценка на влијанието на регулативата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/09), Шенгенскиот акционен план на Владата на Република Македонија од месец мај 2009 година и Одлуката за утврдување стратешки приоритети на Владата на Република Македонија во 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09) со која се утврдени следните стратешки приоритети:

- зголемување на екномскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење;
- интеграција во НАТО и ЕУ;
- продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото;

- одржување добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот како и довршување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор;

- инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава.

Содржината на Програмата е поделена по месечна динамика за доставување на предлогот на законите до Владата на Република Македонија и по стратешки приоритет.

# Ј А Н У А Р И

Стратешки приоритет: **ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО И ЕУ**

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на Закон за безбедносно-разузнавачки служби** |
| Краток опис на предлогот на законот | Со постојната законска регулатива не се детално уредени одредените мерки и активности за начинот на прибирање на податоци од страна на безбедносните служби, не е во доволна мера регулирано прашањето за надзор над службите, понатаму се јавуваат одредени проблеми од типот – судир на надлежности или преклопување на надлежностите на безбедносните служби, не се целосно утврдени овластувањата на припадниците на службите, начинот на остварување на меѓусебна соработка како и одредени други прашања. Тенденцијата на донесувањето на овој закон е да се озакони материјата која ги опфаќа сите сегменти од работата на безбедносните служби со што би се ограничило евентуалното постапување надвор од границите на своите на овластувањата од страна припадниците на службите. |
| Поврзаност со АП/НППА | / |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 15 Јануари 2010 година |
| Финансиски импликации | Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации |

## О К Т О М В Р И

Стратешки приоритет: **ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО И ЕУ**

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странците** |
| Краток опис на предлогот на законот | Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување на законот со Регулативата (ЕС) бр. 562/2006 - Законик на заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), Регулативата (ЕС) бр. 296/2008 од 11.03.2008 за дополнување на Регулативата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс) од 11.03.2008 година; Регулативата бр.415/2003 на Советот од 27.02.2003 година за виза на граничен премин за морепловци кои транзитираат; Регулативата на Советот (ЕЗ) 1932/2006 за изземање на определени категории на лица од обврската за поседување на виза при влез во Република Македонија и Директивата на Советот 2003/109/ЕЦ од 25 ноември 2003 во врска со статусот на државјани на трети земји кои се лица со постојан престој |
| Поврзаност со АП/НППА | Шенгенски Акционен план на Република Македонија - Дел I. Гранична контрола точка 2. Преминување на надворешни граници и дел II. Визи точка 3. Постапка за издавање на визии дел III. Миграции точка точка 1 Законска миграција и НППА наративен дел ревизија 2009 година, Прилог 1. Листа на правни акти 2010-2014 поглавје 24. Правда, слобода и безбедност поднаслов 3. Закон за изменување на Законот за странците |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 14 Октомври 2010 година |
| Финансиски импликации | Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации |

## Н О Е М В Р И

Стратешки приоритет: **ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО И ЕУ**

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница** |
| Краток опис на предлогот на законот | Со Предлогот на законот ќе се изврши доусогласување на Законот за надзор на државната граница со Регулативата (ЕС) бр. 562/2006 - Законик на заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), Регулативата (ЕС) бр. 296/2008 од 11.03.2008 за дополнување на Регулативата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс) од 11.03.2008 година и усогласување со Директивата бр.2004/82/ЕЗ на Советот од 24.04.2004 година за обврската на авиопревозниците да доставуваат податоци за патниците |
| Поврзаност со АП/НППА | Шенгенски Акционен план на Република Македонија - Дел I. Гранична контрола точка 1. Преминување на внатрешни граници и дел III. Миграции точка 3. Обврска на превозници |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 18 Ноември 2010 година |
| Финансиски импликации | Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации |

Бр. 141-62713/1
29-09-2009 2009 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**М-р Гордана Јанкулоска**

**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за безбедносно-разузнавачки служби |
| Министерство: | Министерство за внатрешни работи |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 26 Јануари, 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

   Со постојниот Закон за внатрешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 92/2009), Законот за Агенцијата за разузнавање ("Службен весник на РМ" бр. 19/1995) и со Законот за одбрана ("Службен весник на РМ" бр. 42/2001, 05/2003, 58/2006 и 110/2008), не се детално уредени одредените мерки и активности за начинот на прибирање на податоци од страна на безбедносните служби, не е во доволна мера регулирано прашањето за надзор над службите, понатаму се јавувааат одредени проблеми од типот – судир на надлежности или преклопување на надлежностите на безбедносните служби, не се целосно утврдени овластувањата на припадниците на службите, начинот на остварување на меѓусебна соработка како и одредени други прашања.

   Дел од оваа материја е уредена со подзаконски акти кои не се објавени и е потребно истата со донесување на закон да биде потранспарентна односно на јавноста на поедноставен начин да и се овозможи увид во начинот и делокругот на работа, овластувањата и надзорот над безбедносните служби.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Тенденцијата на донесувањето на овој пропис е да се озакони материјата која ги опфаќа сите сегменти од работата на безбедносните служби со што би се ограничило евентуалното постапување надвор од границите на своите на овластувањата од страна припадниците на службите.

Меѓуресорската работна комисија која го изработи компаративниот преглед за поставеноста, овластувањата и соработката на безбедносните и разузнавачките служби на: Хрватска, Албанија, Руската Федерација, Романија, Холандија, Унгарија, Италија, Словенија и Чешката Република, предложи два модели за поставеност на безбедносните служби и уредување на нивните овластувања кои се соодветни за спротивставување на опасностите и ризиците со кои се соочува Република Македонија, од кои подоцна е избран најсоодветниот за нашата држава.

Сите проблеми кои произлегуваат во врска со оваа материја може да се инкорпорираат во еден нов закон во кој детално ќе се уредат прашањата за зајакнување на координацијата и соработката помеѓу безбедносните и разузнавачките служби и агенции на Република Македонија и надминување на проблемите околу надлежноста и местото и улогата на истите во безбедносниот систем, како и мерките и активностите кои може да бидат преземени од страна на безбедносните служби и сите останати прашања.

Со тоа би се отворил простор на успешно функционирање на секоја служба и агенција поединечно како и единствено и заедничко дејствување во односите со меѓнародната заедница.

Само регулаторни мерки.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   Министерство за внатрешни работи – Управа за безбедност и контраразузнавање, Воената служба за безбедност и разузнавање во рамките на Министерството за одбрана, Агенцијата за разузнавање а ќе бидат консултирани и Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Македонија.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   Во врска со работата на повеќето европски служби, изготвен е компаративен преглед за поставеноста, овластувањата и соработката на безбедносните и разузнавачките служби на: Хрватска, Албанија, Руската

Федерација, Романија, Холандија, Унгарија, Италија, Словенија и Чешката Република.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Информации за поставеноста и овластувањата на безбедносните и разузнавачки служби на Германија и Франција.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијална проценка на влијанието на регулативата

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   Со Решение на министерот за внатрешни работи бр. 13.1-3674/1 од 15.01.2007 година беше формирана Меѓуресорска работна Комисија за подготовка на работна верзија на Предлогот за донесување на закон за системот за национална безбедност, во која беа вклучени претставници од следните институции: Управата за безбедност и контраразузнавање, Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси при Министерството за внатрешни работи, Воената служба за безбедност и разузнавање во рамките на Министерството за одбрана, Сектор за безбедност и информатика во рамките на Министерството за надворешни работи, Агенцијата за разузнавање и Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Македонија.

   Истата изготви компаративен преглед за поставеноста, овластувањата и соработката на безбедносните и разузнавачките служби на: Хрватска, Албанија, Руската Федерација, Романија, Холандија, Унгарија, Италија, Словенија и Чешката Република.

**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странците |
| Министерство: | Министерство за внатрешни работи |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 26 Октомври 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Регулатива (ЕС) бр. 562/2006 - Законик на заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), Регулатива (ЕС) бр. 296/2008 од 11.03.2008 за дополнување на Регулатива за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс) од 11.03.2008 година; Регулатива бр.415/2003 на Советот од 27.02.2003 година за виза на граничен премин за морепловци кои транзитираат; Регулатива на Советот (ЕЗ) 1932/2006 за изземање на определени категории на лица од обврската за поседување на виза при влез во Република Македонија и Директива на Советот 2003/109/ЕЦ од 25 ноември 2003 во врска со статусот на државјани на трети земји кои се лица со постојан престој |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Можноста за издавање на визи на граничен премин за морепловци кои транзитираат не е законски регулирана. Воедно потребно е усогласување на националната законска регулатива со законодавството на ЕУ во делот на изземање на определени категории на лица од обврската за поседување виза при влез во Република Македонија, како и потреба од утврдување на законски рок за временската динамика на постапување на Министерството за внатрешни работи при регулирањето на постојаниот престој. При тоа потребно е изнаоѓање на пофлексибилно решение во однос на обврската за пријавување на странец.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Дополнување на законот со одредби кои се однесуваат на можноста за издавање на визи на граничен премин за морепловци кои транзитираат, одредба за изземање на определени категории на лица од обврската за поседување виза при влез во Република Македонија, одредби кои се однесуваат на утврдување на временска рамка за постапување на Министерството за внатрешни работи при регулирање на постојаниот престој, одредби за изменување на утврдениот рок за пријавување на странец од 24 на 48 часа, како и негово усогласување со ЕУ Директивите од овие области.

Во однос на нерегулаторните мерки потребно е спроведување на обука на вработените на граничните премини за имплементација на предложените законски дополнувања.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Министерство за внатрешни работи и Министерство за надворешни работи

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Решенија содржани во ЕУ регулативи и директиви.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Дополнителните информации и податоци ќе се обезбедат со сопствени ресурси.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна на ресурси на Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи.

**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница |
| Министерство: | Министерство за внатрешни работи |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 30. Ноември 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Регулатива (ЕС) бр. 562/2006 - Законик на заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), Регулатива (ЕС) бр. 296/2008 од 11.03.2008 за дополнување на Регулативата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс) од 11.03.2008 година и Директива бр.2004/82/ЕЗ на Советот од 29.04.2004 година за обврската на авиопревозниците да доставуваат податоци за патниците |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?
   Обврската и начинот за доставување на податоци за патниците кои пристигнуваат на аеродромите во Скопје и во Охрид не се законски регулирани.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   Доусогласување на законот со Шенгенскиот граничен кодекс, особено во делот на употребата на одделни поими.
   Дополнување на законот со одредби кои се однесуваат на обврската на авиопревозниците да доставуваат податоци за патниците и нивно усогласување со ЕУ Директивата од таа област, со што ќе се создадат услови за вршење на анализа на ризик.
   Постоење на потреба од податоци за лица - патници кои пристигнуваат во Република Македонија по воздушен пат.

   Само регулаторни мерки.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   Министерство за внатрешни работи

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?
   Решенија содржани во ЕУ регулативи и директиви

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Информациите содржани во ЕУ регулативите и директивите ќе се обезбедат со сопствени ресурси

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијална проценка на влијанието на регулативата

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна на ресурси на Министерството за внатрешни работи